| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Здравјето треба да се чува |
| **Содржина на денот** | Да ја облечеме куклата |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Вера Јовановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување за здрави и безбедни навики за зачувување на нашето здравје |
| **Активности** | Разговарајте со детето за времето надвор. Објаснете му на детето како се облекуваме кога излегуваме надвор кога времето е топло, а како кога е студено. Демонстрирајте му ја топата облека , капа , шал , ракавици , чизми , капут.<br>Именувајте ги и објаснете им која е нивната улога , потоа драматизирајте со кукла,дидактичка игра „Да ја облечеме куклата“.<br>На куклата и е студено и треба да ја облечеме , облекувајте ја куклата и поттикнете дијалог . „На куклата и е студено на главата што треба и облечеме , на главата ќе и ставиме капа , на рацете ракавици , на нозете чорапи “.<br>Потоа дајте му на детето да игра со куклата и само да ја облекува,додека ја облекува куклата потттикнето го детето да ја именува топлата облека и како треба да ја облече .Потоа нацртајте капа или ракавици и дајте му на детето да ги обои , ако имате самолеплива хартија може да направите апликација од топла облека и заедно со детето да ги залепите. |